**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 1**
**03.02.2012 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Февруари, 2012**
**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 17.10.2011 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување акти од 31.седница**
**На Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 31.редовна седница која се одржа на ден 02.02.2012 година и тоа:

1. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2012 година;
2. Одлука за финансиско обврзување на Општина Делчево;
3. Одлука за определување на средства за финансиско учество на општина делчево за имплементација на проекти од регионално значење за 2012 година;
4. Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.
5. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на ООУ „В.Прке" во учебната 2011/2012 година;
6. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо" во учебната 2011/2012 година;
7. Одлука за усвојување на Планот за запишување на ученици вп прва година во СОУ „М.М.Брицо" за учебната 2012/2013;
8.Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на ООУ „Св. Климент" во учебната 2011/2012 година;
9.Одлука за разрешување на член на НО на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;
10. Одлука за именување на член на НО на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;
11. Одлука за разрешување на член на УО на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;
12. Одлука за именување на член на УО на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;
13.Одлука за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево;
14. Одлука за разрешување на претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево;
15. Одлука за именување на претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево;

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| **Број 08-300/1** | **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **03.02.2012 год.** | **Градоначалник,** |
| **Д е л ч е в о** | **Горан Малешевски, с.р.** |

Врз основа на член 132 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, донесен на 22.11.2006 година, како и врз основа на доставените предлози до Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот за 2011, Советот на општината Делчево на својата 31. редовна седница одржана на ден година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општина Делчево за 2012 година

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена и Програмата за работа на Советот за 2012 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа.

Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на Општината, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државните органи.

Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево Програмата за работа на Советот за 2012 година е како што следува:

| **Ред. број** | **Назив на актот** | **Изготвувач/Предлагач** | **Рок на донесување** |
|---|---|---|---|
| 1. | Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2012 година; | Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот. Изготвувач: Одделение за правни и општи работи | Февруари 2012 |
| 2. | Буџетски календар | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, даноци јавни дејнсти и ЛЕР | Февруари 2012 |
| 3. | Одлука за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД Брегалница за 2010 година | Предлагач: УО Изготвувач: ЈПКД Брегалница | Февруари 2012 |
| 4. | Извештај за работата на ЈПКД Брегалница за 2011 | Предлагач: УО Изготвувач: ЈПКД Брегалница | Февруари 2012 |
| 5. | Годишен Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево. | Предлагач: Командир на Полициска станица од општа надлежност. | Февруари 2012 |
| 6. | Извештај за работата на ЈЛБ Илинден Делчево за 2010 година | Предлагач/Изготвувач Директор на ЈЛБ Илинден | Февруари 2012 |
| 7. | Програма за работа на ЈЛБ | Предлагач/Изготвувач | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Илинден за 2011 година | Директор на ЈЛБ Илинден | 2012 |
| 8. | Полугодишен извештај за работата на ООУ В.Прке | Предлагач: УО на ООУ В.Прке<br>Изготвувач: ООУ В.Прке | Февруари 2012 |
| 9. | Полугодишен извештај за работата на ООУ Св.Климент Охридски | Предлагач: УО на ООУ В.Прке<br>Изготвувач: ООУ Св.Климент Охридски | Февруари 2012 |
| 10. | Полугодишен извештај за работата на СОУ М.М.Брицо | Предлагач: УО на СОУ М.М.Брицо<br>Изготвувач: СОУ М.М.Брицо | Февруари 2012 |
| 11. | Годишна сметка на ООУ Св.Климент Охридски за 2011 година | Предлагач: УО на ООУ<br>Изготвувач: ООУ Св.Климент Охридски | Февруари 2012 |
| 12. | Одлука за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Февруари 2012 |
| 13. | Годишна сметка на ООУ Ванчо Прке за 2011 година | Предлагач: УО на ООУ<br>Изготвувач: ООУ Ванчо Прке | Февруари 2012 |
| 14. | Извештај за работата на градежно-урбанистичкиот инспектор за 2011 година | Предлагач и изготвувач: Градежно-урбанистички инспектор | Јануари-март 2012 |
| 15. | Програма за работа на градежно-урбанистичкиот инспектор за 2012 година | Предлагач и изготвувач: Градежно-урбанистички инспектор | Јануари-март 2012 |
| 16. | Извештај за работата на инспекторот за животна средина за 2011 | Предлагач и изготвувач: Инспектор за животна средина | Јануари-февруари |
| 17. | План за работа на инспекторот за животна средина за 2012 година | Предлагач и изготвувач: Инспектор за животна средина | Јануари-февруари 2012 |
| 18. | План за запишување на ученици во СОУ М.М.Брицо за наредната учебна година | Предлагач: Директор<br>Изготвувач: СОУ М.М.Брицо | Февруари 2012 |
| 19. | Одлука за донесување на ДУП за УЕ 2, дел од блок 2.1. дел од локалитет Сервисна зона | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Февруари Март 2012 |
| 20. | Одлука за донесување на | Предлагач: Градоначалник | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | урбанисти;ки план вон населено место за к.п.бр.934 за Стопански комплекс на м.в.Долни гробишта, КО Стамер | Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Февруари Март 2012 |
| 21. | Одлука за определување на тарифа за такси превозот во општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Февруари Март 2012 |
| 22. | Годишна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2010 | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Март 2012 |
| 23. | Годишен извештај за 2011 година | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности И ЛЕР | Март 2012 |
| 24. | Мислење за Програма за изведување на екскурзии | Предлагач: УО на ООУ Изготвувач: ООУ Св.Климент Охридски | Март 2012 |
| 25. | Годишна сметка за 2011 на ОЈУДГ Весели Цветови | Предлагач: УО на ОЈУДГ Весели Цветови Изготвувач:ОЈУДГ Весели Цветови | Март 2012 |
| 26. | Одлука за донесување на ДУП за ДУП за УЕ 3, дел од блок 3.1. од ГУП Делчево - гробишта, Општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Март Април 2012 |
| 27. | Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички планови согласно усвоена годишна програма | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Март-Декември 2012 |
| 28. | Годишна сметка на ОЈУДГ Всели Цветови за 2011 | Предлагач: УО на ОЈУДГ Изготвувач: ОЈУДГ Весели Цветови | Март 2012 |
| 29. | Одлука за донесување на урбанистички планови согласно усвоена годишна програма | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Март-Декември 2012 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30. | Одлука за утврдување на потреба за изработка И донесување на ЛУПД за потребите на Општина | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Март-Декември 2012 |
| 31. | Одлука за донесување на ДУП за УЕ 3, дел од блок 3.2. од ГУП Делчево-измена и дополнување | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Март/Април 2012 |
| 32. | Завршна сметка за 2011 година на СОУ М.М.Брицо | Предлагач: УО на СОУ М.М.Брицо<br>Изготвувач: СОУ М.М.Брицо | Март/Април 2012 |
| 33. | Завршна сметка на ЈЛБ Илинден за 2011 година | Предлагач:УО на ЈЛБ Илинден<br>Изготвувач:УО на ЈЛБ Илинден | Март/Април 2012 |
| 34. | Одлука за определување на општински патишта на подрачјето на општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Мај/Јуни 2012 |
| 35. | Одлука за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Мај/Јуни 2012 (По добиена согласност од Влада на РМ) |
| 36. | Дополнување на Планот за заштита и спасување од елементарни и други непогоди во општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Јуни/Јули 2012 |
| 37. | Одлука за именување на членови во УО на ООУ Св. Климент Охридски | Предлагач: Совет на Општина | Јули 2012 |
| 38. | Годишна програма за работа на ООУ Ванчо Прке | Предлагач: УО на ООУ В.Прке<br>Изготвувач: ООУ В. Прке | Август 2012 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39. | Годишен извештај за работата на ООУ В.Прке | Предлагач: УО на ООУ В.Прке<br>Изготвувач: ООУ В. Прке | Август 2012 |
| 40. | Годишна програма за работа на ООУ Св.Климент Охридски | Предлагач: УО на ООУ Св.Климент Охридски<br>Изготвувач: ООУ Св.Климент Охридски | Август 2012 |
| 41. | Годишен извештај за работата на ООУ Св.Климент Охридски | Предлагач: УО на ООУ Св.Климент Охридски<br>Изготвувач: ООУ Св.Климент Охридски | Август 2012 |
| 42. | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Август 2012 |
| 43. | Годишен Извештај за работата на ОЈУДГ ,,Весели Цветови,,-Делчево за учебната 2011/2012 година; | Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови".<br>Изготвувач: ОЈУДГ Весели Цветови | Октомври 2012 |
| 44 | .Годишна програма за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за учебната 2012/2013; | Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови".<br>Изготвувач: ОЈУДГ Весели Цветови | Октомври 2012 |
| 45. | Годишен извештај за работата на СОУ М.М.Брицо | Предлагач: Управен одбор на СОУ М.М.Брицо | Октомври 2012 |
| 46. | Годишна програма за работа на СОУ М.М.Брицо | Предлагач: Управен одбор на СОУ М.М.Брицо | Октомври 2012 |
| 47. | Квартален извештај | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Октомври-Ноември 2012 |
| 48. | Финансиски план на ОЈУДГ Весели Цветови | Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови".<br>Изготвувач: ОЈУДГ Весели Цветови | Декември 2012 |
| 49. | Финансиски план на ООУ В.Прке за 2012,2013,2014 | Изготвувач: Сметководител Директор | Ноември-Декември 2012 |
| 50. | Финасиски план на СОУ М.М.Брицо | Предлагач: Управен одбор на СОУ М.М.Брицо | Декември 2012 |
| 51. | Финансиски план на Св.Климент Охридски | Предлагач: Управен одбор на Св.Климент Охридски | Декември 2012 |
| 52. | Програма за изградба, реконструкција,одржување И заштита на општински патишта и улици за 2013 | Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на | Декември 2012 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | животната средина | |
| 53. | Програма за уредување на Градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2013 година | Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина | Декември 2012 |
| 54. | Буџет на Општина Делчево за 2013 | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Декември 2012 |
| 55. | Одлука за извршување на Буџет | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Декември 2012 |
| 55. | Финансиски план на ОЈУДГ Весели Цветови | Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови". Изготвувач: ОЈУДГ Весели Цветови | Декември 2012 |

Советот на Општина Делчево во текот на 2012 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот ( ЈПКД "Брегалница", ОУ "Ванчо Прке" и ОУ "Св.Климент Охридски", ЈЛБ "Илинден", СОУ "М.М. Брицо" и ОЈУДГ "Весели Цветови").

Исто така, именува и разрешува членови во органите на управување и донесува одлуки за начинот на располагање со средствата на истите.

Измена и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година може да се прави во текот на годината доколку се јави за тоа потреба. Исто така, на секои три месеци во годината Советот на Општината го усвојува кварталниот извештај, кој, пак, се доставува до Министерството за финансии.

Во тековната година согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината.

Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година не е затворена и може да се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот и член 134 од Деловникот.

**Број 07-283/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево“, Советот на Општина Делчево, на својата 31.редовна седница, одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За финансиско обврзување на Општина Делчево**

Член 1

За потребите за аплицирање по Програмата „Форуми на зедницата“, поддржана од Швајцарската агенција за меѓународен развој, со оваа Одлука Општина Делчево се обврзува да обезбеди финансиски средства во износ од 2.400.000 МКД (50%) како сопствено учество во проектниот буџет, а останатите 2.400.000,00 МКД, ќе бидат обезбедени од Швајцарската агенција за меѓународен развој SDC.

Член 2

Средствата во вкупен износ од 4.800.000,00 МКД ќе бидат искористени за финансирање на проект/и избрани преку спроведување на шест форумски сесии на претходно утврдени теми со значителна вклученост на локалната заедница.
Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2012 година- Ставка Капитални инвестиции.

Член 3

Доколку биде избрана Општината ќе додели средства за форумските сесии за трошоци за просторија која ќе се одржува форумот, освежување, трошоци за Оперативната група, трошоци за односи со јавност, трошоци за превоз и трошоци за превод.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 07-284/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** | **Претседател,**
**Д е л ч е в о** | **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Делчево, својата 31.редовна на седница одржана на ден 02.02.2012 ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За определување средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење за 2012 година**

Член 1

Со оваа Одлука се определува износот на средства за сопствено учество на Општина Делчево за проектот „ Продолжување на изградба на колектор на р. Брегалница Делчево- Сервисна зона (Долни бавчи).

Проектот ќе се поднесе до Центарот на Источно планскиот регион.

Член 2

Вкупната вредност на проектот изнесува 16.000.000,00 денари.

За проектот Продолжување на изградба на колектор на р. Брегалница Делчево- Сервисна зона (Долни бавчи), Проектот ќе се реализира во две фази. За првата фаза (6.000.000,00 денари) Општина Делчево од Центарот на Источно планскиот регион очекува финансирање од 50% од средствата.

Општина Делчево како апликант ќе обезбеди финансиски средства за сопствено учество во висина од 3.000.000,00 денари или 50% од вкупната сума.

Средствата од став 2 на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево за 2012 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-285/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02.2012 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.**

Врз основа на член 36 став 1 т. 13 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.редовна седница, одржана на ден 02.12. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност**
**и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на општина Делчево**

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица Делчево.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

3. Заклучокот заедно со Извештајот да се достави до:

-Министерот за внатрешни работи на РМ;
-Народниот правобранител

**Број 07- 286/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02.2012 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација Годишната Програма за работа во учебната 2011/2012 на**
**ООУ "Ванчо Прке"-Делчево**

I

Се усвојува полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на ООУ "Ванчо Прке"-Делчево" за 2011/2012 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-287/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација Годишната Програма за работа во учебната 2011/2012 на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево**

I

Се усвојува полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево" за 2011/2012 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-288/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование („Службен Весник на РМ" бр. 67/04), Советот на општина Делчево на својата 31.редовна седница одржана на ден 02.02.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Предлог-планот за запишување на ученици во прва година во во СОУ „М.М.Брицо", Делчево за учебната 2012/2013 година**

Член 1

Се усвојува Предлог-планот за запишување на ученици во прва година во учебната 2012/2013 година во СОУ „М.М.Брицо", Делчево бр.02-11 од 25.01.2012 година, со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | Вкупно паралелки | Вкупно ученици | Паралелка На макед. наставен јазик | Ученици на макед.наставен јазик |
|---|---|---|---|---|
| **а)Гимназиско образование-вкупно** | 5 | 170 | 5 | 170 |
| **б)Стручно обрзование (во четиригодишно траење)-вкупно** | 2 | 68 | 2 | 68 |

| Струка | Образовен профил | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1)Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар | 1 | 34 | 1 | 34 |
| 2) Хемиско-технолошка | Прехранбен техничар | 1 | 34 | 1 | 34 |
| **в)Стручно образование( во 3год.траење) вкупно** | | | | | |
| струка | Образовен профил | | | | |
| | | | | | |
| **ВКУПНО а)+б)+в):** | | **7** | **238** | **7** | **238** |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-289/1**
**02.02. 2012**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација Годишната Програма за работа во учебната 2011/2012 на ООУ "Св.Климент Охридски"-Делчево**

I

Се усвојува полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на ООУ "Св. Климент Охридски" за 2011/2012 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-290/1**
**02.02.2012 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр.38/96) и член 27 од Законот за измени и дополнувања на законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.49/2006),а согласно член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница, одржана на ден 02.02.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За разрешување на член на**
**Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското**
**работење на ЈПКД „Брегалница"- Делчево**

Член 1

Љупчо Атанасов се разрешува од функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското
работење на ЈПКД „Брегалница"- Делчево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-291/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр.38/96) и член 27 од Законот за измени и дополнувања на законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр.49/2006),а согласно член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница, одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За именување на член на**
**Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското**
**работење на ЈПКД „Брегалница"- Делчево**

Член 1

**Дејан Орлов,**дипломиран правник се именува на функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"- Делчево, за остатокот од мандатот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-292/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр.38/96), а согласно член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница, одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За разрешување на член на**
**Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"- Делчево**

Член 1

**Дејан Салтировски** се разрешува од функцијата член на Управниот одбор за контрола на ЈПКД „Брегалница"- Делчево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-293/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр.38/96), а согласно член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 31.седница, одржана на ден 02.02.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За именување на член на**
**Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"- Делчево**

Член 1

**Станко Станоевски,** дипломиран економист од Делчево, се именува на функцијата член на Управниот одбор за контрола на ЈПКД „Брегалница"- Делчево, за остатокот од мандатот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-294/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 22, 43 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на РМ бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на 02.02.2012 донесе

**ОДЛУКА**
**За уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува превозот на патници на подрачјето на општината и се утврдуваат условите при кои истиот ќе се извршува.

Член 2

Општинскиот превоз на патници се извршува како: линиски превоз на патници, посебен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници.

## II. ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 3

Општински линиски превоз на патници може да врши правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник) кое има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници, извод од лиценца за секое возило одделно и откако ќе добие дозвола за определена линија и ќе регистрира возен ред, кои ги издава градоначалникот на општината.

Член 4

За вршење на линиски превоз на патници се издава лиценца за општински линиски превоз на образец во формат А-4, со жолта боја, со рок на важење од 4 години, како и извод од лиценца за секое возило одделено.

Дозволата за определена линија се издава на образец во формат А-4 со бела боја и со рок на важење од 5 години, како и возниот ред кој исто така се издава со рок на важење од 5 години.

Изводите од лиценца за секое возило се издава на име на превозникот на кој гласи лиценцата со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Формата и содржината на лиценците, изводот од лиценците и дозволата за општински линиски превоз на патници ја пропишува Министерот за транспорт и врски.

Член 5

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево се одржува на следните релации:

- ДЕЛЧЕВО - с.ГАБРОВО
- ДЕЛЧЕВО - с.ЅВЕГОР
- ДЕЛЧЕВО - с.СТАМЕР
- ДЕЛЧЕВО - с.ГРАД
- ДЕЛЧЕВО - с.ВИРЧЕ
- ДЕЛЧЕВО - с.ТРАБОТИВИШТЕ
- ДЕЛЧЕВО - с. СТАР ИСТЕВНИК - с.НОВ ИСТЕВНИК
- ДЕЛЧЕВО - с.РАЗЛОВЦИ
- ДЕЛЧЕВО - ГОЛАК (сабота и недела)
- ДЕЛЧЕВО - с.БИГЛА-с.ИЛИОВО- с.ТУРИЈА

- ДЕЛЧЕВО - с.ОЧИПАЛА-с.ДРАМЧЕ
- ДЕЛЧЕВО - с.ВЕТРЕН-с.КИСЕЛИЦА
- ДЕЛЧЕВО - ГРАНИЧЕН ПРЕМИН-ДЕЛЧЕВО

Превозот на горенаведените линии ќе се врши со патнички моторни возила минимум (16+1) седиште, минибуси и автобуси.

Општински линиски превоз на патници со патнички возила (8+1) седиште ќе се врши на линии на кои не е рентабилен превозот со автобус.

Линиите се одржуваат најмалку со две тргнувања.

При вршење на општински линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Тарифите за вршење на превозот на патници во општинскиот линиски превоз на патници се определуваат врз основа на посебна Одлука на Советот на општина Делчево.

Член 6

Постапката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници се спроведува врз основа на Оглас распишан од градоначалникот на општината, и тоа на период од 6 (шест) месеци.

За спроведување на постапката градоначалникот формира Комисија за одобрување на возни редови на нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Комисијата за одобрување на возни редови за нови линии и промена на возни редови за одобрени линии врз основа на Барањата и доставената документација, доставува предлог листа на одобрени, односно одбиени барања до градоначалникот на општината.

Доколку за вршење на превоз се јават повеќе заинтересирани превозници за една линија во исто време, правото му се дава на превозникот според времето на поднесувањето на барањето односно првоподнесеното.

Доколку нема заинтересирани превозници, Општината може вршењето на превоз да го довери на превозник кој ќе го определи со посебен договор ако ги исполнува условите предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуката за уредување на превозот на патници на подрачјето на општина Делчево.

Член 7

Органот надлежен за издавање на лиценца ќе донесе решение за одземање на лиценцата, ако:

- превозникот доставил неточни податоци кои се потребни за издавање на лиценцата;
- превозникот поднесе барање за откажување од лиценцата;
- утврди дека превозот се врши спротивно на издадената лиценца; и
- превозникот престане да исполнува некој од условите пропишани за нејзино издавање.

## III. АВТОБУСКИ СТАНИЦИ И СТОЈАЛИШТА

Член 8

За автобуска станица во Делчево се определува постоечката автобуска станица на ул.„Светозар Марковиќ‟.

Член 9

За автобуски стојалишта во градот Делчево се определуваат:

1. „Басарица‟ на ул.„Б.Македонија‟;
2. „Врбата„ на ул.„Б.Македонија‟ после крстосницата со „Вера Јоциќ‟;

3. „Индустриска “ на ул.„Б. Македонија“ ;
4. „Стар расадник“ на ул.„М.Тито“ после пропустот Грозданец;
5. „РТД “ на ул.„М.М.Брицо “;
6. „Габровски Пат“ на ул.„Ѓорче Петров“ пред крстосница со ул.„Кирил и Методиј“;
7. „Габровски Пат 2“ на ул.“Ѓорче Петров“пред крстосница со ул.„Кирил и Методиј“;
8. „Центар“ на ул.„М.М.Брицо“ после крстосницата со ул.„Кеј на ослободување“;
9. „Св.Климент Охридски 1“ на ул.„Б.Македонија“ во насока кон Звегорска река;
10. „Св.Климент Охридски 2“ на ул.„Б.Македонија“ во насока кон Басарица;
11. „Здравствен дом“ на ул.„Б.Македонија“ во близина на крстсницата со ул.„Скопска“;
12. „Монопол“ на ул.„Б.Македонија“во непосредна близина на крстосница со ул.„Скопска“;
13. „Стар Монопол“ на ул.„М.Тито“;
14. „Звегорска река 1“ на Р-1302 во насока кон Делчево;
15. „Звегорска река 2“ на Р-1302 во насока кон Берово.

За автобуски стојалишта во другите населени места во општината се определуваат:

1. „Стамер 1“ на патот Делчево-Берово и отклон кон с.Стамер;
2. „Стамер 2“ во с.Стамер пред основното училиште;
3. „Град 1“ на патот Делчево-Берово и отклон кон с.Град;
4. „Град 2“ на влезот во с.Град кон основното училиште;
5. „Вирче 1“ на патот Делчево -Берово и отклон кон с.Вирче;
6. „Вирче 2“ на влезот во с.Вирче;
7. „Тработивиште“ во с.Тработивиште пред самопослугата“;
8. „Разловци“ во с.Разловци пред Спомен домот на „Разловечкото Востание“;
9. „С.Иствник 1“ на патот Делчево-Берово кај старата чекална;
10. „С.Истевник 2“ пред задружниот дом во с.Истевник;
11. „Н.Истевник“ на патот Делчево-Берово и отклон кон „Балабанска Маала“;
12. „Нов Истевник“ на патот Делчево-Берово на отклонот кон Пасјачка Маала;
13. „Звегор“ во с.Звегор пред Задружниот дом;
14. „Граничен премин“ на граничниот премин „Делчево“ веднаш до јавното паркиралиште за возила;
15. „Габрово“во с.Габрово пред Задружниот дом;
16. „Бигла1“ пред поранешно „Крзно“;
17. „Турија“ пред крстосницата за Турија и „Божанска Маала“
18. „Студена Чешма“ на патот Делчево-М.Каменица (А-3);
19. „Црквенска Река“ на патот А-3;
20. „Очипала“ на патот А-3 (Дуовска Маала);
21. „В`кот“ на патот А-3 веднаш пред мостот кај „В`чка Маала„;
22. „Драмче“ кај постоечката автобуска чекална „Крушата“;
23. „Белчанска Маала“ на патот А-3 до отклонот во с.Бигла;
24. „Димовци„ на патот А-3 пред отклонот за с.Илиово;
25. „Илиово“ на патот А-3 кон отклонот на патот кон „Буришка Маала“;
26. „Топчии“ на локалниот пат Очипала-Драмче на отклонот кон с.Селник;
27. „Драмче“кај основното училиште „Стив Наумов“;
28. „Грамади“ на патот Драмче-Вратиславци;
29. „Вратиславци“ на локалниот пат во „Терзиска маала“;
30. „Киселица“ на локалниот пат до задружниот дом;
31. „Ветрен“ во „Црквинска Маала“;
32. „Полето“ на отклонот кон „Голешевска Маала“;
33. „Витковец“ на патот за Голак на отклонот на општинскиот пат за „Косово Дабје“;
34. „Голак“ пред Детското одморалиште.

Времено почетно стојалиште за возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници во град Делчево се определува локацијата „Старо пазариште".

Член 10

Автобуските стојалишта задолжително се означуваат со сообраќаен знак за известување „стојалиште за автобус" 330.

Површината наменета за застанување на возилата кои вршат превоз на патници може да се обележи со ознаките за означување на сообраќајните површини за посебна намена, односно во конкретниот случај местата што се резервирани за автобуски стојалишта.

Единствениот возен ред за општински линиски превоз на патници се истакнува на автобуското стојалиште.

Обележувањето, одржувањето и истакнувањето на единствениот возен ред на автобуските стојалишта го врши Општина Делчево, а средствата ги обезбедуваат превозниците.

Висината на надоместокот за обележување, означување и одржување на автобуските стојалишта како и условите под кои се врши уплатата се определува со посебна Одлука на Советот на општина Делчево.

Член 11

Во единствената мрежа на линии се прикажуваат итинерерите на движење на оние превозници кои имаат важечка дозвола и регистриран возен ред за одредена линија. Единствената мрежа на линии е претставена со графички приказ.

Член 12

Единствениот возен ред е составен од основните податоци за возен ред како што се: број на линијата, време на поаѓање од почетното стојалиште, време на пристигнување на крајното стојалиште, попатни стојалишта и тн. Едниствениот возен ред за линиите што сообраќаат на територијата на општина Делчево ги опфаќа податоците од превозниците кои имаат дозвола и регистриран возен ред. Единствениот возен ред се истакнува на огласни табли на автобуските стојалишта. Одржувањето се врши со почитување на регистрираните возни редови од страна на превозниците. Менувањето на единствениот возен ред ќе се врши периодично на 6 (шест) месеци.

Член 13

Определувањето на тарифата за превоз се врши со посебна Одлука на Советот за определување на тарифа за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево. Системот на наплата функционира со билети кои се продаваат во возилата.

## IV. ПОСЕБЕН ПРЕВОЗ

Член 14

За извршување на посебен линиски превоз на патници превозникот мора да поседува лиценца издадена од Министерството за транспорт и врски и да прибави дозвола за посебен линиски превоз од градоначалникот на општината.

Дозволата за посебен линиски превоз на патници се издава на образец во формат А-4 со светло сина боја, а ја издава градоначалникот на општината.

Дозволата се издава со рок на важење за кој се договориле превозникот и нарачателот на превозот, а најдолго за период од 1 година.

Формата и содржината на дозволата за посебен линиски превоз на патници е пропишана со Правилник за формата и содржината на дозволата за посебен линиски превоз на патници.

Посебниот линиски превоз на патници се врши со автобуси, а може и со патнички возила со 8+1 седиште, врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правно лице кое го нарачува превозот и превозникот правно лице.

При извршување на посебен линиски превоз на патници од ставот 1 на овој член во возилото мора да се наоѓа извод од лиценца, дозвола и договор со список на патници.

Превозниците при извршувањето на посебниот линиски превоз на патници, при влез и излез на патниците ќе ги користат постоечките автобуски стојалишта во општината.

## V. АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Член 15

Авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево може да врши превозник кој поседува лиценца за вршење на авто-такси превоз, а патниците се превезуваат внатре во подрачјето определено со лиценцата.

Со авто-такси превозот можат да се превезуваат и патници од подрачјето определено во лиценцата до друга општина, при што во спротивен правец можат да бидат превезени само патниците кои биле одвезени.

Лиценцата за авто-такси превоз на патници се издава на образец во формат А-4, со жолта боја и со рок на важење од 4 години, со која се издава и извод од лиценцата за возилата кој ги поседува превозникот и не може да се пренесе на друг превозник.

Тарифата (цената) за услугите во авто-такси превозот ја определува Советот на општината.

Член 16

Лиценца за авто-такси превоз на патници може да добие превозник кој ги исполнува следните услови:

- да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;
- да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз во внатрешниот сообраќај;
- да има вработено авто-такси возачи према бројот на возилата;
- да има вградено исправен, пломбиран и баждарен фискален таксиметар во денари и поставен на видно место во возилото;
- управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност;
- да има добар углед;
- да има уплатено надоместок за обележување, означување и одржување на такси станиците во градот;
- потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови на возилото и техничките карактеристики на возилата;

Член 17

Сертификатот од член 16 став 1 алинеја 5 на оваа Одлука го издава Министерството за транспорт и врски и врз однова на уверение за положен испит за професионална компетентност.

Лицата кои имаат најмалку пет години работно искуство во транспортот како управител или овластено лице одговорно за превоз и високо образование, се ослободуваат од полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност.

Стручното оспособување на кандидатите за добивање на сертификат за професионална компетентност на управителот или овластеното лице одговорно за превоз го врши правно лице овластено од министерот за транспорт и врски.

Член 18

За авто-такси станици во Делчево се определуваат:

1. „Центар" на површина на „Старо пазариште" со капацитет од 15 возила;
2. „М.М.Брицо" пред старата градска аптека со капацитет од 8 возила;
3. „Делчевчанка" пред истоимениот објект со капацитет од 4 возила;
4. „Здравствен дом" на паркингот пред Здравствениот дом „Гоце Делчев" со капацитет од 5 возила;
5. „Паркингот" на паркингот пред Домот на култура со капацитет од 8 возила;
6. „Ванчо Прке" на ул.„Н.Ј.Вапцаров" пред деловните објекти, со капацитет од 5 возила;

Авто-такси возилата на такси станиците се паркираат по ред на доаѓање.

Определените такси станици можат да ги користат само авто-такси превозници кои имаат лиценца и извод од лиценца издадени од општина Делчево.

Член 19

Авто-такси станиците се означуваат со сообраќаен знак за известување „Taxi" (346).

Местата резервирани за авто-такси возилата се обележуваат со натпис на коловозот „TAXI" со жолта боја.

Уредувањето и одржувањето на авто-такси станиците го врши надлежниот орган на Општината.

Висината на надоместокот за обележување, означување и одржување на авто-такси станиците се определува со посебна Одлука на Советот на општина Делчево.

Член 20

Возилата за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Делчево се со жолта боја.

Ознаки и опрема со кои се означуваат возилата за авто-такси превоз на патници во општина Делчево, покрај жолтата боја, се следните:

- вградена светлосна ознака „TAXI" на покривот на возилото;
- натпис „грбот на Општина Делчево во бело поле со димензии 24 см ширина и 33 см висина, а под грбот е испишано TAXI со висина на буквите од 6 см во црна боја" поставен бочно на двете задни врати од возилото;
- лента со дизајн „шаховско поле" со бела и црна боја со ширина од 15 см, која се простира по целата бочна должина на возилото, веднаш под стаклата на вратите;
- ценовник со утврдени тарифи на чинење на превозот и извод од лиценцата на возилото истакнат на ветробранското стакло;
- оверен ценовник за авто-такси услугите поставен на видно место во возилото за корисникот на услугата;
- на видно место во внатрешноста на возилото да има истакнат натпис со назив и седиште на превозникот, име, презиме и слика на такси возачот, како и посебен натпис за забрането пушење;

## VI. ТЕХНИЧКО - ЕКСПЛОАТАЦИОНИ УСЛОВИ ЗА ВОЗИЛАТА

Член 21

Превозот во патниот сообраќај се врши со моторни и приклучни возила што ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедноста во сообраќајот на патиштата и посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за одделните видови превоз.

Под техничко - експлоатациони услови се подразбираат условите што моторните возила во зависност од видот на превозот треба да ги исполнуваат заради обезбедување на квалитетен и безбеден превоз.

Потврдата за исполнување на посебни техничко-експлоатациони услови за возилата со кои се вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај ја издава станица за технички преглед или друга специјализирана институција овластена од министерот за транспорт и врски.

Превоз на патници во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот може да се врши со автобуси, со возила до 22+1 (мали автобуси) и со возила за превоз на патници со капацитет до 8+1 седиште.

Авто-такси превоз на патници може да се врши со патнички возила.

Член 22

Автобусите и возилата за превоз на патници 8+1 (линиски и вонлиниски) на надворешните бочни страни имаат натпис со назив и седиште на превозникот и амблем доколку превозникот го има утврдено.

Натписот од став 1 на овој член се испишува на македонски јазик и кирилско писмо, а висината на буквите во натписот не смее да биде помала од 30мм, а најмалата дебелина на цртите со кои се испишани буквите е 5мм.

Податоците наведени на бочните страни на возилото треба да бидат исти со податоците наведени во лиценцата за вршење на соодветниот вид на превоз, а може да имаат и рекламни натписи.

Член 23

Автобусите со кои се врши општински линиски превоз на патници треба внатрешно да бидат чисти со неоштетени седишта, подови, бочни страници, светилки, да има основен прибор за интервентно чистење и да поседуваат исправен уред за греење и проветрување. Надворешните површини треба да бидат неоштетени, а доколку се санирани, санацијата треба да биде изведена прописно.

Член 24

Покрај натписите од член 22 на оваа Одлука возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници треба да ги имаат и следните натписи и ознаки:

Назив на автобуската линија со назначување на почетната и крајната станица, како и времињата на поаѓање и доаѓање и број на линијата. Натписот се испишува со црна боја на бела основа на македонски јазик со кирилско писмо, а се истакнува на предната десна и бочната десна страна на возилото.

Член 25

Во општинскиот превоз на патници на определени релации со акт на општината превозот може да се врши со возила 8+1 „комбинирани возила" ако ги исполнуваат следните услови:

- да имаат врата за влегување и излегување на патниците од десната страна;
- исправен уред за загревање на внатрешноста на возилото;
- исправен уред за вентилација на возилото;

- со возилата со кои е дозволен превоз на патници од став 1 на овој член може да се превезуваат само онолку патници колку што има места за седење.

Член 26

На моторните возила со кои се врши општински линиски превоз во патниот сообраќај по определен период на експлоатација, заради утврдување на техничките карактеристики за безбедно учество во сообраќајот се врши испитување на носечката конструкција и каросерија, моторот, системот за сопирање, системот за управување и системот за греење и вентилација, за да можат да учествуваат во сообраќајот се врши испитување и тоа на:

1. Автобусите со кои се врши општински превоз на патници, постари од 12 години;
2. Патничките возила со кои се врши авто-такси превоз на патници постари од 12 години;

Испитувањето се врши на секои две години.

Член 27

Проверката за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови и за испитување на техничките карактеристики на моторните возила со кои се врши превоз во патниот сообраќај од член 26 на оваа Одлука, ја врши правно лице овластено за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила.

За исполнување на условите пропишани со Правилникот за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата за вршење на одделните видови на превоз во патниот сообраќај и за техничките карактеристики од член 26 на оваа Одлука, правното лице од став 1 на овој член издава Потврда.

Член 28

Во возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници забрането е:

- Возење на животни освен оние кои поседуваат важечки картон од Ветеринарна станица;
- Возење на запаливи, експлозивни и радиоактивни предмети;
- Внесување на огнено оружје и екплозиви;
- Возење на пијани и други лица кои го нарушуваат редот и мирот во возилото.

Член 29

Предметите што ќе бидат заборавени или изгубени од страна на патниците во возилото, кондуктерот односно возачот е должен во рок од 6 часа да ги пријави или предаде на Органот за внатрешни работи.

## VII. НАДЗОР

Член 30

Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, авто-такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината го врши овластениот инспектор за патен сообраќај на општината.

## VIII. КАЗНЕНИ  И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со глоба од 500 евра во денарска противвредност ќе се казнат физичко или правно лице ако:

1. авто-такси возилото не е со жолта боја;
2. не ги користи определените авто-такси станици во градот Делчево;
3. на такси возилата со кои се извршува превозот не е поставен натписот такси со грбот на општина Делечво;
4. возилото со кое се врши такси превоз не е обележано со лента со дизајн со „шаховско поле";
5. нема истакнато натпис со незив и седиште на превозникот, име и презиме и слика на такси возачот, како и посебен натпис забрането пушење;
6. автобусите и возилата за превоз на патници (8+1) во општинскиот линиски и посебен линиски превоз на надворешните бочни страни немаат натпис со назив и седиште на превозникот и амблем доколку превозникот го има утврдено;
7. врши општински линиски превоз на патници, а не ги одржува возилата согласно член 23 од оваа Одлука;
8. врши општински линиски превоз на патници спротивно на член 28 од оваа Одлука;
9. изгубените предмети од патниците, пронајдени во возилото не ги пријави или предаде на Органот за внатрешни работи во рок од 6 часа.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Одредбата од член 20 став 1 на оваа Одлука ќе се применува за набавените авто-такси возила после 01.03.2012 година.

Член 33

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево број 07-1974/2 од 25.12.2006 година.

Член 34

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 07-296/1
02.02.2012
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за социјална заштита – Пречистен текст („ Сл. весник на РМ" бр.21/2006) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 31.редовна седница, одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За разрешување на претставникот**
**на Локалната самоуправа во Управниот одбор**
**на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево**

Член 1

Се разрешува Неат Демировски, од функцијата член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-297/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 3 од Законот за социјална заштита – Пречистен текст („ Сл. весник на РМ" бр.21/2006) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 31.редовна седница, одржана на ден 02.02. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на претставникот**
**на Локалната самоуправа во Управниот одбор**
**на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево**

Член 1

За претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Делчево.
1. Весна П. Коларска од Делчево.

Член 2

Мандатот на членот на УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи трае 4 (четири) години.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 298/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**- Решение за објавување акти бр.08-300/1........................................2**
1. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2012 година;......... 3

2. Одлука за финансиско обврзување на Општина Делчево;........................... 9

3. Одлука за определување на средства за финансиско учество на општина делчево за имплементација на проекти од регионално значење за 2012 година; ..............................................................................................................10
4. Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево............................................ 11

5. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на ООУ „В.Прке" во учебната 2011/2012 година; ..............................................................................................................11

6. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо" во учебната 2011/2012 година;

7. Одлука за усвојување на Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" за учебната 2012/2013;................................................... 12

8.Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа на ООУ „Св. Климент" во учебната 2011/2012 година;.............................................................................................. 12

9.Одлука за разрешување на член на НО на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Брегалница" – Делчево................................................ 14

10. Одлука за именување на член на НО на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Брегалница" – Делчево............................................................. 14

11. Одлука за разрешување на член на УО на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;

12. Одлука за именување на член на УО на ЈПКД „Брегалница" – Делчево;...... 15

13.Одлука за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево;........................................................................... 16

14. Одлука за разрешување на претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево;.............................. 25

15. Одлука за именување на претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево;.................................. 25